Врз основа на член 85 став 2 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/10), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДЕЛОВНИОТ И ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ СО СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС[1]

## Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот за формата и содржината на деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес.

## Член 2

Здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес податоците за: профилот на здружението и фондацијата со статус од јавен интерес, буџетот, активностите со кои е спроведена програмата за работа и за транспарентноста и отчетноста во работењето ги внесува на образецот "Деловен извештај за периодот од ___ до___20__ година", а приходите и расходите за вршење на дејноста од јавен интерес ги внесува на образецот "Финансиски извештај за периодот од ___ до___20__ година", дадени во прилог 1 и 2 кои се составен дел на овој правилник.

## Член 3

Во образецот Деловен извештај, позицијата под реден број 1. Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес, ги содржи следните податоци: назив на здружението и фондацијата од јавен интерес; седиште; податоци за контакт: адреса, телефонски број, факс, е-пошта и веб страница; видот на дејноста од јавен интерес определена со закон; години на дејствување; нивото на дејствување: локално, општинско, регионално или национално; организациска структура; човечки ресурси и членство во домашни и меѓународни мрежи.

Позицијата под реден број 2. Буџет, содржи податоци за вкупниот буџет за периодот на известување и за изворите на финансирање со наведување на поединечните износи и нивното процентуално учество во вкупниот буџет.

Позицијата под реден број 3. Резиме на програмата за работа, содржи наративен опис на спроведените проекти и активности за периодот на известување. Наративниот опис за секој од спроведените проекти содржи податоци за: името на проектот; општата цел на проектот т.е. важноста на проектот за општеството и нејзината усогласеност со мисијата на здружението и фондацијата од јавен интерес; целта на проектот т.е. причината за реализација на проектот и промената што е постигната со неговата реализација; целната група и целното подрачје опфатени со реализацијата на проектот; периодот на

---

[1] Овој Правилник е објавен во Службен весник на Република Македонија бр.18/2011.

спроведување и објаснувања доколку периодот на спроведување е поинаков од планираното; носителот, партнерите и спроведувачите на проектот и улогата и одговорноста на секој од нив; изворите на средствата за финансирање и алокација на средствата; опис на активностите/инструментите за реализација на проектот, активностите кои не се реализирале и причините за отстапувањата од планираните активности; резултатите постигнати со реализација на активностите; заклучоци и планови за во иднина во врска со проектот. Здружението и фондацијата од јавен интерес во оваа позиција презентира и дополнителни релевантни податоци кои придонесуваат кон објективно презентирање и оценка на постигнатите резултати.

Позицијата под реден број 4. Транспарентност и отчетност, содржи информации за: вредноста на имотот на последниот ден од периодот за кој се известува или годишниот приход остварен во период на известување; извршени статусни промени; постоење судир на интереси во работењето на здружението и фондацијата; поведување на постапка за престанок и за забрана на работата на здружението и фондацијата согласно закон; поведување на постапка за стечај или ликвидација; постоење на блокирана трансакциска сметка; потврда дека деловниот и финансискиот извештај се објавени на веб страницата на здружението и фондацијата. Оваа позиција кај здружението и фондацијата со статус од јавен интерес кои согласно закон имаат обврска за ревизија на финансиското работење, содржи и информација дека ревизијата е извршена и дека извештајот на независниот ревизор е објавен на веб страницата на здружението и фондацијата.

**Член 4**

При пополнувањето на образецот “Финансиски извештај за периодот од ___ до___20__ година”, субјектите од член 1 од овој правилник ги внесуваат податоците во определените позиции од колоната 2, од групата на сметките согласно со Правилникот за сметковниот план и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план кои се однесуваат на непрофитните организации.

**Член 5**

Паричните вредности во обрасците од член 2 на овој правилник се искажуваат во денари.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Број 12-44903/3
8 февруари 2011 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

Прилог 1

## ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ

за периодот од ___ до_________20_____ година

1. Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес
   1.1 Назив на здружението и фондацијата од јавен интерес:
   1.2 Седиште:
   1.3 Податоци за контакт
   1.4 Дејност од јавен интерес:
   1.5 Години на дејствување:
   1.6 Ниво на дејствување:
   1.7 Организациска структура:
   1.8 Човечки ресурси:
   1.9 Членство во домашни и меѓународни мрежи:
2. Буџет
   2.1 Вкупен буџет:
   2.2 Извори на финансирање:
3. Резиме на програмата за работа
4. Транспарентност и отчетност

________, ___.__.20__
Место Датум

___________________________________
Лице одговорно за составување на извештајот

_____________________
Своерачен потпис

____________________________________
Одговорно лице на организацијата со статус од јавен интерес

____________________ М.П.
Своерачен потпис

.

Прилог 2

Назив на организацијата од јавен интерес ________________________________

Седиште ________________________________

ЕМБС ________________________________

ЕДБ ________________________________

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**

за периодот од ____________ до________20_____ година

(во денари)

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Износ | |
|---|---|---|---|
| | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | **I. ПРИХОДИ** | | |
| 1. | Приходи од јавни извори на финансирање (збир од редни броеви: 1а+1б+1в) | | |
| 1а. | Од Буџет на Република Македонија | | |
| 1б. | Од буџет на единици на локална самоуправа | | |
| 1в. | Од буџет на град Скопје | | |
| 2. | Приходи од членарини | | |
| 3. | Приходи од подароци во парични средства | | |
| 4. | Приходи од донации во парични средства | | |
| 5. | Приходи од дотации во парични средства | | |
| 6. | Приходи од спонзорства во парични средства | | |
| 7. | Приходи од прилози во парични средства | | |
| 8. | Приходи од продажба на производи и стоки и услуги | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Приходи од продажба на промотивен и пропаганден материјал | | |
| 10. | Приходи од извршени услуги | | |
| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Износ | |
| | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 11. | Приходи од авторски права | | |
| 12. | Приходи од продажба на билети | | |
| 13. | Приходи од издавачка дејност | | |
| 14. | Приходи од закуп и изнајмување на подвижни и недвижни средства | | |
| 15. | Приходи од камати на депозити | | |
| 16. | Приходи по основ на кредити и заеми | | |
| 17. | Приходи од вложувања во хартии од вредност | | |
| 18. | Приходи од дивиденди | | |
| 19. | Позитивни курсни разлики | | |
| 20. | Приходи од надомест на штета | | |
| 21. | Приходи од продажба на нематеријални и материјални средства | | |
| 22. | Други приходи | | |
| 23. | Вонредни приходи | | |
| 24. | Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | | |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** (Збир од редни броеви: 1+2+3+4+5+6+7+8+9+10+11+12+13+14+15+16+17+18+19+20+21+22+23+24) | | |
| | **II. РАСХОДИ** | | |
| 25. | Потрошени материјали и ситен инвентар | | |
| 26. | Други материјални расходи | | |
| 27. | Комунални услуги и греење | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28. | Комуникациски услуги | | |
| 29. | Транспортни услуги | | |
| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Износ | |
| | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 30. | Поправки и тековно одржување | | |
| 31. | Издатоци за реклама и пропаганда | | |
| 32. | Издатоци за репрезентација | | |
| 33. | Интелектуални услуги | | |
| 34. | Сметководствени услуги | | |
| 35. | Судски и правни услуги | | |
| 36. | Услуги за превод | | |
| 37. | Услуги за копирање, печатење и издавање | | |
| 38. | Статистички истражувања | | |
| 39. | Објавување на огласи | | |
| 40. | Изнајмување на простор и опрема | | |
| 41. | Други услуги | | |
| 42. | Привремени вработувања | | |
| 43. | Конференции, семинари и работилници | | |
| 44. | Членарини | | |
| 45. | Издатоци за меѓународна соработка | | |
| 46. | Провизија за платниот промет | | |
| 47. | Расходи по основ на кредити и заеми | | |
| 48. | Премии за осигурување | | |
| 49. | Негативни курсни разлики | | |
| 50. | Други финансиски услуги | | |
| 51. | Казни и надомест на штета | | |
| 52. | Дневници за службено патување и патни трошоци во земјата | | |
| 53. | Дневници за службено патување и патни трошоци во странство | | |
| 54. | Плати | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 55. | Надомести на плата | | |
| 56. | Придонеси за задолжително социјално осигурување | | |
| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Износ | |
| | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 57. | Персонален данок на доход | | |
| 58. | Надоместоци на трошоци на вработените и ангажирани лица | | |
| 59. | Други даноци и придонеси | | |
| 60. | Помошти, донации и други давања на правни субјекти | | |
| 61. | Помошти, донации и други давања на физички лица | | |
| 62. | Други помошти и давања | | |
| 63. | Пренесени парични средства на други сметки | | |
| 64. | Средства за градежни објекти | | |
| 65. | Средства за опрема | | |
| 66. | Други капитални средства | | |
| 67. | Други расходи | | |
| 68. | Вонредни расходи | | |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** (збир од реден број 25 до реден број 68) | | |
| 69. | Остварен нето вишок на приходи = (Вкупно приходи -Вкупно расходи) | | |
| 70. | Непокриени расходи = (Вкупно расходи - Вкупно приходи) | | |

__________, ___.___.20___ ______________________________________________

Место Датум Лице одговорно за составување на извештајот

____________________________________ М.П

Своерачен потпис

______________________________________________

Одговорно лице на организацијата
со статус од јавен интерес

_____________________________________ М.П

Своерачен потпис